

Павле Ќулафковски ( VII 1865 – 13. VI 1940) е член на Македонското научно-литературно друштво (МНЛД) во Санкт Петербург и потписник на молбата за регистрација на статутот на Словенско-македонското научно и литературно друштво до Санктпетербуршкото словенско благотворно друштво (СПБСБД).. Во 1904 година заминал во Њујорк, каде што го понел со себе буквар на друштвото на македонски јазик за печатење. Во декември 1912 година, со Димитрија Чуповски учествувал на Општомакедонската конференција во Велес.

Павле Јованов Ќулафковски е роден во велешкото село Папридиште во јули 1865 година. Уште како млад работел како градежник. Во периодот 1892–1893 година работел во Воден, потоа во 1893 година работел во Ќустендил, каде што се родил неговиот син Крум, а од 1894 до 1896 година работел во шестиот сектор на Отоманската железница во Битола.

По 1896 година работел надвор од географските и итничките граници на Македонија.

Во периодот помеѓу 1897 и 1898 година работел како мајстор-градежник во пристаништето Констанца, Романија. Потоа заминал во Русија, каде во 1898-1899 година работел како работоводител на изградбата на мостот „Троицки“ во Санкт Петербург. На почетокот на 20 век, во 1900 година, бил во Белгија, а оттаму заминал во белгиско Конго, каде што останал до 1902 година.

Павле повторно се вратил во Русија и на 20 декември 1903 година, заедно со Наце Димов, Александар Јолов и Филип Николовски, ја потпишал молбата на Македонското научно-литературно друштво (МНЛД) до советот на Санктпетербуршкото словенско благотворно друштво (СПБСБД) за регистрација на Уставот.

Во 1904 година Павле заминал во Њујорк, каде што го понел со себе буквар на друштвото на македонски јазик за печатење.

Од 1907 година Павле работел во Сан Франциско, а следната 1908 година се преселил во Термалито, Калифорнија.

Во 1912 година, за време на Балканската војна дошол привремено во Македонија. Во декември истата година, со членот на МНЛД Димитрија Чуповски учествувал на Општомакедонската конференција во Велес. Цел на оваа конференција била да испрати сигнал до Русија и Европа за зачувување на целовитоста на Македонија и да се обезбеди нејзината слобода и државност.

По Балканските војни, Павле одноцо заминал за САД, во Аљаска. Во 1920 година вонредно студирал на Техничкиот колеџ во Чикаго.

Павле Ќулафковски се вратил во Македонија како американски пензионер. Пензионерските денови ги минувал во родното село. Меѓутоа, подоцна, на 13 јуни 1940 година, бил пронајден убиен во близина на родното село.

(извор: МЕ. том II, Скопје, 2009)



Подготвил: Т.К